ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ИНТЕРЕС
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ - (MSIP)
Договори за заем бр. 8158-МК
Идентификациски број на проект: P096481

ТЕХНИЧКА ПОМОШ: НАДЗОР ЗА ИЗГРАДБА НА 7 УЛИЦИ СО ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ,ВОДОВОДЕН СИСТЕМ И УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ПОРАНЕШНАТА ВОЕНА ОБЛАСТ АРМ 1 И АРМ 2 ВО ОПШТИНА БИТОЛА

Владата на Република Македонија - Министерство за финансии, има добиено заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка во износ од 75 милиони долари за имплементација на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП) и во согласност со условите од договорите има намера дел од средствата од договорот за под-заем со општина Битола да ги насочи за плаќање по договор за надзор за изградба на 7 улици со пешачки патеки, водоводен систем и улично осветлување во поранешната воена област АРМ 1 и АРМ 2 во општина Битола.

Консултантските услуги ("услуги") опфаќаат надзор и контрола на градежни работи за изградба на изградба на 7 улици со пешачки патеки, водоводен систем и улично осветлување во поранешната воена област АРМ 1 и АРМ 2 во општина Битола. Ангажманот завршува на 30 Април 2017 година. Подетални информации во однос на потребните квалификации може да се најдат на следниот линк: http://www.bitola.gov.mk

Општина Битола ги повикува квалификуваните консултантски фирми ("консултанти") да искажат интерес за обезбедување на услуги. Заинтересираните консултанти треба да доставаат информации со кои ќе докажат дека ги поседуваат потребните квалификации и релевантно искуство за извршување на услугите. Истите треба да ги исполнуваат следните критериуми:

1. Лиценца за надзор за објекти од II категорија (Лиценца Б), издадена од страна на Министерството за транспорт и врски на РМ;
2. Консултантската компанија треба да ја потврди својата способност и адекватност за извршување на активноста надзор на изградба со доставување на детален список за најмалку пет (5) извршени надзори на слични градежни работи за изградба на улици и изградба на системи за водоснабдување во последните три години, со назив на договорот, опис на работните задачи, назив и контакт од клиентот. Препораките/ сертификатите за задоволително завршување на работите издадени од страна на клиентите се задолжителни;
3. Консултантската компанија мора да поседува: ISO 9001:2008 Quality Management System и ISO 14001:2004 Environmental Management System сертификати.

Заинтересираните консултанти посебно треба да го земат во предвид став 1.9 од Насоките на Светска Банка: Избор и ангажман на консултанти во рамките на IBRD и IDA кредити и грантови за заемопримачи од Светска банка од јануари 2011 година („Насоки за консултанти“) земајќи ја во предвид политиката на Светска банка за конфликт на интереси. Консултантите може да формираат конзорциум или заедничко вложување со други фирми со цел подобрување на своите квалификации. Консултантот ќе биде избран во согласност со методот за избор на консултанти назначен во Насоките за консултанти.

Дополнителни информации можат да се добијат на адресата којашто е наведена подолу во текот на работното време од 8:30-16:30 часот, од понеделник до петок.

Изразувањето на интерес треба да се достави во пишана форма на адресата којашто е наведена подолу (лично, по пошта, по факс, или по e-mail) најдоцна до **21 декември 2015 година**.

Општина Битола

Техничка помош: надзор за изградба на 7 улици со пешачки патеки,водоводен систем и улично осветлување во поранешната воена област АРМ 1 и АРМ 2 во општина Битола .

Булевар 1ви Мај,број 61 ,Битола,Република Македонија

До: Славица Димитровска
Тел/факс: +389 47 208 332;+389 76 485 770

slavica.nabavki@bitola.gov.mk, и

Aleksandar.Najdovski@finance.gov.mk